ОКТА
МЕМО

0202-1192/19-3
03.04.2019

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје до Собранието на акционери поднесува

ИЗВЕШТАЈ
За работата на Одборот на директори на ОКТА во 2018 година

I.
Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.
Одборот на директори во текот на 2018 година одржа 7 состаноци и донесе 15 одлуки и 2 заклучоци.

II.
На одржаните состаноци Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.
Во текот на 2018 година на состаноците на Одборот на директори присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени на состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.
Сите членови на Одборот на директори активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2018 година.
На 169-от состанок одржан на 05.12.2018 година, Одборот на директори го разгледа Бизнис планот на ОКТА за период од 2019 до 2023 година, при што е констатирано дека истиот е издржан, со јасно дефинирани цели на сите нивоа на раководење, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на Друштвото.

III.
Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.
Службата за внатрешна ревизија, како независна организациона единица, поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2018 година на состанокот одржан на 26.02.2019 година.
Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2018 година. На состанокот одржан на 26.02.2019 година, Одборот на директори донесе Одлука за одобрување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година е приклучена кон документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА.

ОКТА

МЕМО

Одборот на директори согласно член 415-б од Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2019 година и истиот го одобри.

IV.

Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва, Одборот одржа состанок на 26.02.2019 година на кој се разгледаа финансиските извештаи за годината која заврши на 31 декември 2018 со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Македонија.

Според Мислењето на независните ревизори, финансиските извештаи на ОКТА АД – Скопје за годината која заврши на 31 декември 2018 во сите материјални аспекти се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Република Македонија.

Исто така со Финансиските извештаи Одборот на директори ги разгледа и Годишната сметка на Друштвото за 2018 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2018 и предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2018 година, предлог-одлуката за покривање на загубата од 2018 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.

V.

Работењето на Одборот на директори во текот на 2018 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје.

03.04.2019 година

Во име на ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Г. Ефстатхиос Гривас
Претседател

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје Акционерско друштво 0